СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

# Сонуваме.Менуваме. vol.5

## Повик за приложување на проект за одобрување на грант

Во рамки на проектот „Сонуваме. Менуваме.“ со овој документ Стопанска банка АД – Скопје испраќа информација до Асоцијациите на деца со посебни потреби, со инвалидитет или периферни оштетувања со цел прибирање на предлог проекти за идно финансирање и реализација.

Стопанска банка, во рамки на своите општествено одговорни активности, ќе додели финансиски средства за реализација на одреден број на проекти избрани преку Комисија составена од менаџерската структура на Банката. Проектите кои ќе бидат избрани ќе бидат во вкупна вредност од 20.000евра без ДДВ и ќе бидат јавно прогласени на 29.12.2023 заедно со образложението од комисијата.

Зависно од бројот на пристигнати проекти како и нивната содржина, Банката може да додели подеднаков износ на средства или да издвои различни износи за различни проекти.

Ве молиме испратените предлог проекти да го содржат следното:

- Целна група
- Времетраење
- Цел и очекувани резултати
- Буџет
- Носител на проектот – апликант, асоцијација, и сл.

Сите проекти, заедно со соодветните контакт податоци, треба да бидат испратени најдоцна до 20.12 на csr@stb.com.mk со назнака „Предлог проект за Грант: Сонуваме.Менуваме. 2023“

Како и претходните години, предност ќе имаат проекти кои на привремена или трајна основа придонесуваат кон надминување на проблемите со кои се соочуваат овие групи на деца во текот на школувањето и личната надградба како и подобрување на нивните животни услови и социјалната интеграција.

За дополнителни информации ви стоиме на располагање.

Срдечен поздрав,
Дирекција за маркетинг и односи со јавност.
Стопанска банка АД - Скопје

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk